# ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАШТИТА НА ПОТРОШУВАЧИТЕ

**(Објавено во Сл. Весник на РМ, бр.164 од 27.11.2013 година)**

## Член 1

Во Законот за заштита на потрошувачите („Службен весник на Република Македонија“ број 38/2004, 77/2007, 103/2008 и 24/11), во членот 131 ставот 3 се менува и гласи: „Против решението од ставот 2 на овој член може да се изјави жалба во рок од осум дена до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.“

## Член 2

Во членот 134 ставот 5 се менува и гласи:
„Против решението од ставот 2 на овој член може да се изјави жалба во рок од осум дена до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.“

## Член 3

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”, а ќе започне да се применува од 1 мај 2014 година.